РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-420/1
24.07. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 66 седница одржана на 03.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Машинство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје

1. Се акредитира студиската програма „Машинство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Машински Факултет при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на технички науки од областа на машинството /во меѓународен промет академски назив: Doktor of science in mechanical engineering.
Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.03 Машинство, Научно – истражувачка област: 2.03.00.01 Производно инженерство, технологии и системи, 2.03.00.02 Менаџмент и контрола на квалитет, 2.03.00.03 Општо машинство, проектирање и машински конструкции, 2.03.00.04 Моторни возила, 2.03.00.05 Транспортна механизација, 2.03.00.06 Индустриски дизајн, 2.03.00.07 Инженерска графика, 2.03.00.08 Механика на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика, 2.03.00.09 Автоматика, 2.03.00.10 Термичко и енергетско инженерство, 2.03.00.11 Енергетика и животна средина, 2.03.00.12 Машински материјали, технологии на заварување и заварени конструкции, 2.03.00.13 Механика, 2.03.00.14 Мехатроника, 2.03.00.15 Машини и механизми, 2.03.00.17 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Атанас Кочов, проф. д-р Дарко Данев, проф.д-р Милан Ќосевски (во пензија), проф. д-р Зоран Пандилов, проф. д-р Зоран Марков, проф. д-р Виктор Гавриловски, проф. д-р Доне Ташевски, проф. д-р Предраг Поповски (во пензија), проф. д-р Игор Ѓуров, проф. д-р Златко Петрески, проф. д-р Татјана Кандикјан, проф. д-р Добре Рунчев, проф. д-р Владимир Дуковски (во пензија), проф. д-р Ристо Филкоски, проф. д-р Милан Шаревски (во пензија), проф. д-р Софија Сидоренко, проф. д-р Иван Мицкоски (во пензија), проф. д-р Христијан Мицкоски, проф. д-р Атанаско Тунески, проф. д-р Ристо Ташевски, проф. д-р Глигорче Вртаноски, проф. д-р Валентина Гечевска, проф. д-р Јасмина Чалоска, проф. д-р Васко Шаревски, проф. д-р Ана Лазарова, проф. д-р Даме Димитровски, проф. д-р Дарко Бабунски, проф. д-р Мите Томов, проф. д-р Емил Заев, проф. д-р Кристина Јакимовска, проф. д-р Иле Мирчески, проф. д-р Филип Здравески, проф. д-р Елисавета Дончева, проф. д-р Виктор Илиев, проф. д-р Никола Аврамов, проф. д-р Игор Шешо, проф. д-р Ташко Ризов.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 08-241/6 од 03.03.2026 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Машинство", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Машински универзитет при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-241/6 од 03.03.2026 година (наш бр. 08 - 420/1 од 04.03.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 53-та седницата одржана на 18.03.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 420/6 од 06.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 66-та седница одржана на 03.07.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
проф. д-р Зоран Марков